Заради големиот интерес, филмот „Исцелител“ во кино Мис Стон ќе се прикажува и денеска (понеделник 21 мај ) и утревчер –( вторник 22 мај) со почеток во 20.00 часот. Влезниците по цена од 100 денари можат да се набават на билетарницата од кинот Мис Стон еден час пред почетокот на проекцијата.




**КРАТОК СИНОПСИС**

Веле работи во железничкото депокако механичар и платата му доцни со месеци.

Немајќи пари да купи лекови за својот татко кој е болен од рак,тој прави колач со украдена марихуана за да му ги ублажи неподносливите болки. Одеднаш епритиснат од криминалците кои си ја бараат дрогата назад и соседите душкала кои сакаат рецепт за „магичниот“ колач, а во Веле гледаат нова надеж – исцелител.

Главните улоги во „Исцелител“ги толкуваат: Благој Веселинов и Анастас Тановски, а останатите улоги: Аксел Мехмет, Диме Илиев, Александар Микиќ, Мирослав Петковиќ, Симона Димковска и други. Автори на музиката се Бранислав Николов, Пеце Трајковски-Брада и Гоце Јованоски, директор на фотографија е Дејан Димески, монтажер Мартин Иванов, а сценарист, режисер и продуцент е Ѓорче Ставрески. Филмот е во продукција на Фрагмент филм од Скопје.